ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КАЛЕ“

**Извештај за работа на Јавното комунално претпријатие „Кале“ за 2013 година**

Општина Центар Жупа се снабдува со вода од два главни доводи за вода и тоа крак Мелнички Мост - Центар Жупа и Крак Лучишка планина – Центар Жупа со вкупен прилив на вода од 25 литри/секунда.

Јавното комунално претпријатие Кале со водоснабдување дава услуги на 5 населени места во општината и тоа:

- Село Горенци
- Село Баланци
- Село Голем Папрадник
- Село Мал Папрадник и
- Населбата Центар Жупа

Согласно утврдените дејности за работа на Јавното комунално претпријатие и годишната програма за работа за 2013 година беа спроведени низа оперативни работи за отстранување на дефекти, хлорирање на водата и приклучување на нови приклучоци на водоводната мрежа

Во 2013 година беа отстранети 66 дефеци на секундарната водоводната мрежа и 5 беа на примарната водоводна мрежа односно главните доводи за вода или вкупно 71 дефект за 2013 година.

За хлорирање на водата која се спроведува во главниот резервоар се поторшија 2950 литри хлор, исто така во текот на целата година се прави анализа односно испитување за присуство на резидуален хлор во водата секој месец или по две испитувања месечно односно 24 испитувања на годишно ниво. Испитувањето и анализата се прави од страна на Заводот за здравје – регионално одделение Охрид.

Во 2013 година вкупни приклучоци на физички лица, комерцијални и други институции се 901 од кои 881 се на физички лица, додека 18 се на комерцијални објекти 2 се приклучоци на јавни фонтани

Вкупно произведена вода во 2013 година е 547.500 м3 вода, податок добиен врз онова на полнењето и празнењето на резервоарот за вода од кои 341.625 м3 е фактурирана вода, односно тоа е и вкупно измерена фактирирана вода, додека вкупно количини на водда фактурирана на домаќинства е 268.125 м3. Комерцијалните и индустриските објекти потрошиле 22.300м3 вода, додека други институции поторшиле 51.200 м3 вода, останатата разлика е губитоци на вода

Во 2013 година Јавното комунално претпријатие Кале вкупно за сите физички лица и други субјекти фактурираше 3.061.320 денари од кои 1.890.000 денари се фактурирани на физички лица – домаќинства, за комерцијални и други субјекти се фактурирани 955.220 денари, за други институции, општина, училишта се вкуоно фактурирани 216.000 денари.

Јавното комунално претпријатие Кале сеуште се соочува со слаба наплата, потребни се поголеми напори и соработка со корисниците на услугите за да се зголеми наплатата на водата.

Сите останати оперативни трошоци за хлор, одржување и делови за отстранување на дефекти ги покрива општината.

Во однос на оперативните работи и активности програмата за работа за 2013 година е исполнета.

Дата
21.01.2014 година

јавно комунално претпријатие
директор
Илбер Исеиноски